МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ
# на Закон за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема

Скопје, ноември 2009 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Македонија вршењето на производството и превозот на ВВО, како дејности од интерес за одбраната и безбедноста на РМ, планирање на мерките за безбедност, планирање на производството и прометот, контрола на квалитетот, како и други прашања значајни за производството, прометот и превозот на ВВО е уредено со Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема (Службен весник на РМ бр. 54/2002 и 84/2007). Во законот меѓудругото, регулирани се дејностите производство и промет на ВВО, условите за вршење на овие дејности, како и субјектите кои согласно законот можат да бидат вршители на овие дејности. Постоечкото законско решение нуди полиберален пристап во смисла на учество на странските правни и физички лица како основачи или инвеститори во друштвото за производство на ВВО во однос на нивното учество во вршење на дејноста промет на ВВО. Имено согласно важечките одредби од законот странските правни и физички лица можат и самостојно да основаат трговско друштво за производство на ВВО, но и заеднички со домашни правни лица, како и тоа да купат удели или акции без ограничување на учеството на уделите или акциите во основната главнина, дури и 100% од друштвото, со согласност на Владата на РМ, додека тровско друштво за промет со ВВО странски лица не можат самостојно да основаат, туку заедно со домашни правни и физички лица, и истите можат да се стекнат со акции и удели во тоа друштво со најмногу 49% од основната главнина на друштвото за промет со ВВО, со согласност на Министерството за економија. Поради нееднаквиот третман на странците во поглед на можноста за инвестирање во капцитетите за ВВО, во зависност од дејноста се наложи потребата да се преоценат постоечките законските решенија и да се изврши измена на одредбите кои го регулираат истото. Поточно со измените на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема се интервенира на начин што се врши изедначување на субјектите кои можат да бидат носители на двете дејности-производство и промет на ВВО, во смисла на можноста за учество на странците во основната главнина на овие друштва. А со оглед дека контролата на увозот и извозот на средствата за ВВО наменети за потребите на обезбедувањето на јавната безбедност и одбраната се регулирани преку издавање на дозволи за увоз и извоз уредени со член 34 (Службен весник на РМ бр.16/2004,128/2006,63/2007 и 88/2008). Исто така, а заради воедначување на постапката за вршење на промет со постапката за вршење на производство на ВВО, претходната согласноста за вршење на оваа дејност наместо Министерството за економија ќе ја дава Владата на Република Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е потребата од отстранување на нанееднаквиот третман на странците во поглед на можноста за инвестирање во капцитетите за ВВО, во зависност од дејноста, на начин што се врши изедначување на субјектите кои можат да бидат носители на двете дејности-производство и промет на ВВО, во смисла на можноста за учество на странците во основната главнина на овие друштва.

Законот, чие донесување се предлага се засновува на истите начела на кои се заснова и основниот текст на Законот.

Предложените изменувања и дополнувања на законот ги содржат следните решенија:

- се воведува можност странските правни и физички лица да можат и сами да бидат основачи на трговско друштво за промет на ВВО, не само со домашни правни и физички лица, како што е регулирано во постоечкиот закон,
- бришење на одредбата од законот за ограничување на средствата на странските правни и физички лица за учество во основната главнина на трговското друштво за промет на ВВО,
- претходната согласноста за вршење на оваа дејност наместо Министерството за економија ќе ја дава Владата на Република Македонија,
- се уредува постапката за добивање согласност за вршење на промет на ВВО,
- се уредуваат условите и начинот за одземање на согласноста за промет на ВВО.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените изменувања и дополнувања на овој Закон не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ на
Закон за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема

Член 1

Во Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема (“Службен весник на Република Македонија” бр.54/2002 и 84//2007) во членот 18 став 1 алинеа 2 бројот "15" се заменува со бројот "16".
Во став 2 зборовите “надлежниот суд“ се заменуваат со зборовите“Централниот регистар на Република Македонија“.

Член 2

Во членот 23 став 1 зборовите "Министерството за економија" се заменуваат со зборот "Владата"
Ставот 2 се брише.
Ставот 3 станува став 2.

Член 3

Во членот 24 став 1 се менува и гласи:
“Странски правни и физички лица можат сами или со домашни правни и физички лица да бидат основачи на трговски друштва за промет на ВВО доколку за тоа даде согласност Владата.“

Ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 4

По член 24 се додаваат два нови члена 24-а и 24-б, кои гласат:

"Член 24 а

Барањето за добивање согласност за вршење на промет на ВВО се поднесува до Министерството за економија.
Кон барањето од ставот 1 на овој член се приложуваат докази дека се исполнети условите од член 23 од овој закон.
Доколку трговското друштво ги исполнува условите од членот 23 на овој закон, на предлог на Министерството за економија, а по претходно добиено мислење од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, Владата дава согласност во рок од 60 дена од поднесувањето на барањето.
Против одлуката на Владата на Република Македонија со која се одбива барањето за давање согласност, може да се поднесе тужба за покренување на управен спор.

Член 24-б

Владата може да ја одземе согласноста за промет на ВВО од член 24-а став 3 од овој закон ако:
- е издадена врз основа на невистинити податоци;
- трговското друштво не исполнува повеќе услови за работење; и
- трговското друштво врши работи кои не се наведени во согласноста.

Министерството за економија го известува Централниот регистар на Република Македонија за одземената согласност и ќе побара бришење на дејноста на промет на ВВО во трговскиот регистар на трговското друштво.“

Член 5

Во членот 29 зборовите "Министерството за економија" се заменуваат со зборот "Владата".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Изменувањето и дополнувањето на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема се наметнаа од сознанијата до кои се дојде во практиките на спроведување на одредбите од истиот. Имено согласно важечките одредби од законот странските правни и физички лица можат и самостојно да основаат трговско друштво за производство на ВВО, но и заеднички со домашни правни лица, како и тоа да купат удели или акции без ограничување на учеството на уделите или акциите во основната главнина, дури и 100% од друштвото, со согласност на Владата на РМ, додека тровско друштво за промет со ВВО странски лица не можат самостојно да основаат, туку заедно со домашни правни и физички лица, и истите можат да се стекнат со акции и удели во тоа друштво со најмногу 49% од основната главнина на друштвото за промет со ВВО, со согласност на Министерството за економија. Поради нееднаквиот третман на странците во поглед на можноста за инвестирање во капцитетите за ВВО, во зависност од дејноста се наложи потребата да се преоценат постоечките законските решенија и да се изврши измена на одредбите кои го регулираат истото. Поточно со измените на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема се интервенира на начин што се врши изедначување на субјектите кои можат да бидат носители на двете дејности-производство и промет на ВВО, во смисла на можноста за учество на странците во основната главнина на овие друштва.
Со овие изменувања и дополувања се предлага:

- можност странските правни и физички лица сами да бидат основачи на трговско друштво за промет на ВОО, не само со домашни правни и физички лица, како што е регулирано во постоечкиот закон и
-бришење на одредбата од законот за ограничено учеството на средствата на странските правни и физички лица, односно учеството во основната главнина на трговското друштво за промет на ВВО да не биде повеќе од 49 %..
-заради воедначување на постапката за вршење на промет со постапката за вршење на производство на ВВО, претходната согласноста за вршење на оваа дејност наместо Министерството за економија ќе ја дава Владата на Република Македонија,
- се уредува постапката за добивање согласност за вршење на промет на ВВО,
- се уредуваат условите и начинот за одземање на согласноста за промет на ВВО.

Со членот 1 се вршат исправки на текстот од Предлог законот од техничка природа.
Со членот 2 се врши измена на членот 23 став 1 од Предлог законот, со кој претходната согласност за вршење на оваа дејност наместо Министерството за економија ќе ја дава Владата на Република Македонија.
Исто така, во овој член се брише ставот 2.
Во член 3 од Предлог законот се менува член 21 став 1, со тоа што се воведува можност странските правни и физички лица доколку сакаат и сами да бидат основачи на трговско друштво за промет на ВВО, не само заедно со домашни правни и физички лица. Ставовите 2 и 3 од овој член се бришат заради усогласување со ставот 1 од овој член и со тоа се овозможува странското правно и физичко лице во иднина без ограничување во висината на капиталот

да учествува со средства во основната главнина на друштвото за промет на ВВО.
Со член 4 од Предлог законот се додаваат два нови члена 24а и 24б со кои се уредува постапката за добивање согласност за вршење промет на ВВО и постапката за одземање согласност за промет на ВВО.
Барањето за добивање согласност за вршење промет на ВВО се поднесува до Министерството за економија заедно со доказите дека се исполнети условите од член 23 од овој закон. Доколку пропишаните услови се исполнети, на предлог на Министерството за економија, а по претходно добиено мислење од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, Владата дава согласност во рок од 60 дена од поднесувањето на барањето.
Исто така, уредена е и правната заштита на начин што против одлуката на Владата на Република Македонија со која се одбива барањето за давање согласност, може да се поднесе тужба за покренување на управен спор.
Со член 24б од овој закон уредени се условите и постапката за одземање на согласноста за промет на ВВО, за што Министерството за економија е потребно да го извести Централниот регистар на Република Македонија и да побара бришење на дејноста на промет на ВВО во трговскиот регистар на трговското друштво.
Со член 5 се врши измена на членот 29 со кој се врши усогласување со членот 1 од Предлог законот.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањата и дополнувањата на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема се предвидува изменување и дополнување на веќе постоечки одредби во законот, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените изменувања и дополнувања на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема ќе се доуредат и допрецизираат одредбите од законот кои се однесуваат на можноста за инвестирање во капцитетите за ВВО, во зависност од дејноста, односно се врши изедначување на субјектите кои можат да бидат носители на двете дејности-производство и промет на ВВО, во смисла на можноста за учество на странците во основната главнина на овие друштва. Претходната согласноста за вршење на оваа дејност наместо Министерството за економија ќе ја дава Владата на Република Македонија.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

## Член 18

Владата може да ја одземе согласноста за производство на ВВО од членот 14 став 3 од овој закон ако:

- е набавена врз основа на невистинити податоци;

- не почне со работата во рокот определен во членот 15 од овој закон;

- не исполнува повеќе услови за работење;

- неоправдано го покрене производството и

- врши работи кои не се наведени во согласноста за работа.

Министерството за економија го известува надлежниот суд за укинатата согланост и ќе побара бришење на дејноста за производство на ВВО во трговскиот регистер на трговското друштво.

## Член 23

Промет на ВВО во Републиката и странство можат да вршат производителите на ВВО и други трговски друштва регистрирани за вршење на промет врз основа на претходно добиена согласност од Министерството за економија ако ги исполнуваат и имаат следните услови:
1.Извод од трговски регистар
2.Соодветни работни простории и простории за сместување и чување на ВВО,обезбедување соодветен стручен кадар,како и техничко-технолошка опрема и заштита на ВВО;
3.Доказ за обезбедување контрола на квалитет и
4.Со правосилна пресуда да не е изречена мерка на безбедност-забрана за вршење на дејност на трговско друштво или на одговорното лице во трговското друштво.

Против согласноста подносителот на барањето може да изјави жалба до Комисија на Владата ,во рок од 15 дена од денот на добивањето на согласноста.
Министерството за економија во согласност со Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи поблиску ги пропишува условите од точките од 2, 3 и 4 на овој член.

## Член 24

Странски правни и физички лица можат со домашни правни и физички лица да бидат основачи на трговски друштва за промет на ВВО доколку за тоа даде согласност Министерството за економија.

Странски правни и физички лица можат да вложуваат средства кај трговското друштво за промет на ВВО, врз основа на претходна согласност од Министерството за економија.

Средствата на странските правни и физички лица од ставовите 1 и 2 на овој член не можат да учествуваат со повеќе од 49 % во основната главнина на трговското друштво за промет на ВВО.

Член 29

Запишувањето на дејноста во трговскиот регистар за промет на ВВО во смисла со член 23 од овој закон,не може да се изврши доколку не се приложи согласноста од Министерството за економија.